# СО МАКИ СУМ СЕ РОДИЛА




I

Со маки сум се родило,
со жалости јас ќе си умрам.
Макитe да ми ги напишете
озгора на гробот мој.

II

Ќе се качам на планина,
ќе флезам ф' црни, темни зандани,
очите да ми паралдисаат,
сонцето да не го видам.

III

Ќе слезам долу ф' полето,
ќе легнам долу в' ѓул-бавче,
под тој алов катмер калемфир,
под тој ран бел босилок.

Димчевски, Ѓорѓи. Седенка се збира. Скопје: Културно-просветна заедница на Скопје, 1986